Ново Срце

Неделен Христијански Интернет Билтен Година IV. бр. 150. Дата: 12. 11. 2012.

# ДЕСЕТ ЗАБЛУДИ

Понекогаш, затоа што сме погрешно информирани, или на некои работи не сме гледале и размислувале објективно, доаѓаме до погрешни заклучоци и до заблуди. Ако истражувате на „YouTube“, ќе откриете видео клип, на кој се наброени 10 најраспространети заблуди во светот. Можеби и вие самите ќе се изненадите кога ќе откриете дека некои работи во кои сте биле убедени, всушност не биле вистина. Ние накратко ќе наброиме некои од нив:



1. **Големиот кинески ѕид може да се види од месечината!?**

Ова е неточно. Луѓето ја прифатиле оваа заблуда како вистина, поаѓајќи од фактот дека кинескиот ѕид е долг дури 8.850 км. Но, иако тој импресионира со својата должина, сепак не е доволно масивен, за да се забележи од месечината т.е. од вселената. Затоа пак, светлата на големите градови, можат да се забележат од вселената.

2. **Луѓето користат само 10 % од нивниот мозок!?**

Уште една заблуда. Луѓето порано верувале дека 10% од нашиот мозок останува неискористен. За среќа, денес има модерни медицински апарати, на кои може да се види дека сите неврони, во целиот мозок се активни. После ова, можеби некои луѓе и понатаму ќе одлучат да користат само 10% од нивниот мозок, но тоа е нивно право.

3. **На нашето тело му се потребни 8 чаши вода, дневно !?**

Иако водата е неопходна за нашето тело, ова не може да се прифати како факт. Секое тело е различно и затоа има различна потреба за вода. Некои луѓе пијат повеќе, а некои помалку. Но, неспорно е дека треба да пиеме повеќе вода, отколку газирани сокови и вештачки напитоци.

Но, покрај овие општи заблуди, кои се вкорениле кај луѓето, постојат и заблуди кои се поврзани со христијанството. Во овој број ќе разгледаме само една од нив, а во следните изданија на „Ново Срце“ ќе продолжиме со останатите девет.



## Заблуда бр.1: „Христијанството ти ја одзема слободата!?“

Некои луѓе не сакаат да го предадат својот живот на Исус Христос и да станат христијани, бидејќи се плашат дека ќе ја загубат слободата и нивиот живот ќе биде „живеење според закони и правила“.
Но, христијанскиот живот воопшто не е таков. Всушност, вистината е сосема поинаква. Библијата учи дека луѓето без Христос се „робови“ на гревот. Од таквото робство се ослободуваме дури кога нашите гревови ќе Му ги предадеме на Исус. Затоа, Апостол Павле пишува:

*„Зашто и ние бевме некогаш неразумни, непокорни, скитници,* ***робови*** *на разни страсти и задоволства, живејќи во зло и завист, мразени и мразејќи се еден со друг. Но кога се јавија: добрината и човекољубиeто на Бога, нашиот Спасител, нè спаси не врз основа на праведните дела што сме ги направиле ние, туку по Својата милост...“* **(Тит 3:3-5)**

Вистина е дека христијаните живеат според определени морални принципи и стандарди, но тоа е затоа што тие осознале дека тоа е поисправен, подобар и поблагословен начин на живот, иако тие и понатаму можат да одберат да вршат грев. Сепак, Библијата ни порачува:
*„ Христос нè ослободи за да бидеме слободни. Според тоа, стојте цврсто и не потчинувајте му се пак на ропскиот јарем.“* **(Галатјани 5:1)**

**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**